ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

1. Прашање:

Комисијата за јавни набавки од членовите на техничка комисија бара техничко мислење за постапката и бара да потпишеме Изјава за судир на интереси. Според Законот за јавните набавки не произлегува дека техничките лица треба да дадат ваква изјава. Дали ние како членови на техничката комисија со давањето на техничкото мислење мораме да потпишеме и Изјави за непостоење судир на интереси.

На електронскиот систем постапката не ја гледаме (немаме пристап до документацијата), туку комисијата за јавна набавка документите ни ги испраќа на меил.

Одговор:

Согласно член 38 став (1) од законот, во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка (во натамошниот текст: комисијата), како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси, која претставува дел од досието од спроведена постапка.

Исто така, согласно став (2) од овој член, во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата, истите се повлекуваат од работа во комисијата, за што го известуваат одговорното лице и се заменуваат со други лица. Оваа одредба се однесува на евентуален судир на интерес во однос на економските оператори односно понудувачи.

При тоа, имајте предвид дека за спречување судир на интересите во постапките за јавни набавки согласно член 37 од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 77 став (2) од законот, во одлуката за јавна набавка потребно е да се дефинира предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно.

Оттука, доколку договорниот орган има ангажирано надворешни стручни лица, кои се дел од постапката при евалуација на понудите и истите имаат пристап во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди/пријави за учество, иако законот тоа експлицитно не го уредува, Бирото смета дека е потребно Изјавата за непостоење судир на интереси да ја потпишат освен комисијата и другите лица кои учествуваат во постапката за јавна набавка, со цел зачувување на интегритетот на постапката.

ВРЕДНОСНИ ПРАГОВИ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

2. Прашање:

Треба да спроведеме јавна набавка за Осигурување на имот и лица, преку спроведување на поедноставена постапка со износ од 1.000.000,00 денари. За делот на осигурување на лица, договорот истекува во ноември (неколку пати го поништувавме тој дел, поради немање на понуди), а за осигурување на имот договорот истекува во јуни.

Дали може да спроведеме постапка за осигурување на имот, со потребен дел од средства, а постапка за осигурување на лица да спроведеме во октомври.

Дали треба да се направи промена во називот на постапката во Годишниот план за јавни набавки и дали постапката треба да ја поделиме на две посебни постапки.

Дали и постапката за осигурување на лица треба да ја спроведеме како поедноставена отворена постапка, иако вредноста што ќе остане е како за постапка од мала вредност.

Одговор:

Во случај на потреба од набавка за која веќе е спроведена постапката за јавна набавка во тековната година, а која не можела да се предвиди во моментот на нејзиното спроведување, согласно член 40 став (4) од законот, договорниот орган ја зема предвид вкупната проценета вредност на соодветната потреба при избор на видот на постапка.

Наведенава одредба му овозможува на договорниот орган во случај на потреба од набавка за која веќе е спроведена постапката за јавна набавка во тековната година, а која не можела да се предвиди во моментот на нејзиното спроведување, да спроведе нова постапка земајќи ја предвид вкупната проценета вредност на соодветната потреба при избор на видот на постапка. Од наведеново произлегува дека, за да може да се искористи наведенава можност мора соодветно да се образложи зошто новите потреби не можеле да се предвидат во моментот на спроведување на првата постапка за јавна набавка.

Имајќи го предвид горенаведеното, а во однос на Вашето прво прашање сметаме дека спроведувањето на две постапки за осигурување во иста тековна година, би можело да се смета за делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на законот (член 40 ставот (3).

Од друга страна, сметаме дека договорниот орган треба да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, а во тендерската документација да наведе дека за едниот дел склучениот договор ќе влезе во сила по истекот на веќе склучениот договор кој е во фаза на реализација, односно да предвиди одложено стапување во сила на договорот. Исто така, договорниот орган треба да го определи и времетраењето на договорот, на пр., едниот дел да биде со времетраење од 12 месеци, а другиот од 9 месеци.

ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ број 14/25), со член 3 се врши измена во член 49 ставот (3), и се додава нова реченица која гласи:

„По исклучок, во случај економскиот оператор да достави и изјава за докажување на способноста и документи за докажување на способност, комисијата ќе ја евалуира изјавата”.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекол понудата”.

При спроведување на поедноставената отворена постапка, кога економскиот оператор доставува изјава за докажување на способноста и дел од документите за докажување на способност, а дел не се доставени, дали договорниот орган согласно член 109 од законот, треба да побара од економскиот оператор да ги достави само документите што недостасуваат или сите документи за докажување на способност, без разлика што дел од нив ги доставил.

Одговор:

Кај поедноставена отворена постапка согласно со член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

По исклучок, во случај економскиот оператор доставил и изјава за докажување на способноста и документи за докажување на способност, комисијата ќе ја евалуира изјавата. Согласно став (4) од истиот член, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекува понудата.

Истовремено, напоменуваме дека, доколку економскиот оператор (чија понуда е оценета за најповолна, а чија способност е утврдена врз основа на изјавата) во рокот кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена, не ги достави бараните документи или достави нецелосни документи или достави невалидни документи, договорниот орган без да утврди дополнителен рок за доставување на документи, констатира дека економскиот оператор ја повлекува понудата и согласно член 101 став (6) алинеја 1 и член 101 став (7) од Законот објавува негативна референца во ЕСЈН.

Поставеното прашање е нејасно и непрецизно, односно од истото не може да се утврди дали понудата на „...економскиот оператор кој доставил изјава за докажување на способноста и дел од документите за докажување на способност...“, е оценета за најповолна и дали делот од документите за докажување на способност кои се прикачени заедно со изјавата се валидни.

Оттука, ако понудата на наведениот економски оператор е оценета за најповолна, договорниот орган треба да постапи согласно член 49 став (4) од законот, и да побара да ги достави документите за утврдување способност. Доколку, веќе доставениот дел од документите се валидни, економскиот оператор би можел да го прикачи остатокот кој недостасува.

ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

4. Прашање:

Договорниот орган има потреба од набавка на резервни делови за возниот парк. Со одлука за јавна набавка утврден е износот на средства на 500.000 денари. Но, со оглед дека имаме предвидено листа на резервни делови за кои економските оператори треба да дадат цена (без да знаеме дали ќе имаме потреба од истите), цената на понудата ќе биде поголема од одобрените средства. Во пракса договорните органи за ваков предмет на набавка договорот го склучуваат на одобрената сума.

Дали ваквото постапување е во согласност со законот.

Одговор:

Во зависност од проценетата вредност на предметната набавка, договорниот орган спроведува една од постапките наведени во членот 47 од законот.

Во однос на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка, едната можност е договорниот орган да ја наведе планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, додека другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Во случај кога точното време и обемот на потребата од предметот на набавка не е однапред познат, договорниот орган може да избере рамковна спогодба како посебен начини на спроведување на постапката за јавна набавка. Рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, услуга или работа. Спогодбата не создава обврска за договорниот орган да бара конкретна стока, работа или услуга да се испорача, изврши, односно изведе. Спогодбата се подразбира единствено како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за испорака на одредена количина, извршување на дел од услугата или изведување на работата предмет на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.

Дополнително, во рамковна спогодба договорниот орган може да внесе одредба согласно која јасно ќе биде определено дека предметот на набавка ќе се испорачува сукцесивно, до искористување на максималниот износ на обезбедени средства. Но, ваквата одредба може да се внесе само под услов истата да била наведена во тендерската документација.

ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

5. Прашање:

Со Годишниот план за јавни набавки планирано е спроведување на јавна набавка за набавка на стоки-екстра лесно масло за греење за грејна сезона 2025/2026, и истата е планирано да се објави во август 2025 година.

Дали ќе може да се објави огласот во август доколку во август се распишат Локалните избори.

Одговор:

Спроведувањето на постапките за јавни набавки во периодот по распишување на избори не е регулирано со Законот за јавните набавки. Имено, во овој период договорните органи треба да ги почитуваат забраните и ограничувањата кои произлегуваат од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Воедно, напоменуваме дека нема пречка договорниот орган да ги спроведува постапките за јавни набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки за време на распишани избори, имајќи предвид дека истиот согласно член 75 став (3) од законот, по донесувањето се објавува во ЕСЈН до крајот на јануари од тековната година.

6. Прашање:

Во припрема е постапка за јавна набавка (превземена од Годишниот план за набавки) која ја средуваме за објавување. Но, во меѓувреме се појави потреба од пренамена на средства поради недостиг на истите. Годишниот план може да се измени, но дали можеме да ги искористиме средствата кои се останати како разлика од проценета вредност утврдена со одлуката за јавна набавка, и склучен договор по пониска цена.

На пример, проценета вредност на набавка на биохемиски реагенси изнесува 200,000 денари, а вкупната сума на договорите по делови е 150,000 денари за еден дел, дали остатокот од 50.000 денари, може да се пренаменат за друга набавка и како.

Одговор:

Врз основа на планираните извори за финансирање, согласно член 75 од законот, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Наведенава одредба го обврзува договорниот орган треба однапред да утврди кои стоки, услуги или работи му се потребни, кога треба да се набават, потребата за финансирање или субвенционирање и која постапка за јавна набавка е најсоодветна имајќи ја предвид проценетата вредност и природата на предметот на набавка.

Воедно, договорниот орган согласно член 39 став (1) од законот, ја проценува вредноста на договорот за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, без вклучен ДДВ, земајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално продолжување или зголемување на вредноста на договорот, доколку тие можат да се предвидат во моментот на вршење на проценката.

Согласно став (4) од горенаведениот член, проценетата вредност на договорот за јавна набавка се пресметува при изготвување на годишниот план за јавни набавки. Договорниот орган, пред донесување на одлуката за јавна набавка, ја прилагодува проценетата вредност на конкретниот договор за јавна набавка утврдена во годишниот план за јавни набавки, доколку настанат промени во вредноста.

Наведениве одредби укажуваат дека договорниот орган првична проценка на вредноста на јавните набавки ја прави при изготвување на планот за јавни набавки, а ја преиспитува при донесување на одлуката за јавна набавка, доколку во меѓувреме настанале промени на пазарот или промени кај потребите на договорниот орган.

„Искористувањето на останати средствата кои се јавуваат како разлика од проценета вредност на набавката и склучениот договор“, како и пренаменатa и префрлањето на средствата од една за друга потреба, не е уредено со Законот за јавните набавки, туку со други материјални прописи.

Напоменуваме деке Бирото е единствено надлежно за толкување на Законот за јавни набавки, а не и на други материјални прописи кои имаат примена во постапките за јавни набавки.

КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

7. Прашање:

Дали јавна установа буџетски корисник може да ангажира надворешно лице со потврда за лице за јавни набавки, кое е во регистерот на сертифицирани лица.

Имено, од редот на вработените никој нема потврда за лице за јавни набавки, а постои итна потреба од спроведување на постапка за јавна набавка.

Одговор:

Договорниот орган согласно член 80 став (1) од законот, определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки. Со членот 80 од законот, со кој се уредуваат условите кои едно лице треба да ги исполни за да биде лице за јавни набавки, како и работите кои треба да ги извршува, иако експлицитно не е наведено дека лицето/лицата треба да бидат вработени кај договорниот орган, истото се подразбира, а на ова упатува и одредбата од член 181 став (2) од законот, согласно која глоба за сторен прекршок во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е договорен орган, доколку нема барем едно лице за јавни набавки со валидна потврда за лице со јавни набавки согласно со членот 80 од законот, како и одредбите кои се однесуваат на општите мерки за спречување на корупцијата утврдени со членовите од 33, 34, 35 и 36 од законот.

Воедно, предвид треба да се има и донесената пресуда од Основниот суд во Битола бр. ПРК-О-25/24, со која ангажирањето на лице по договор на дело кое поседува потврда за положен испит за лице за јавни набавки, не значи исполнување на условот од член 80 од Законот.

Ангажирањето на надворешно лице е предвидено со одредбата од член 77 став (2) од Законот, согласно која во одлуката за јавна набавка меѓуостанатото се наведува ангажирањето на надворешни стручни лица, доколку е потребно. Но, ангажирањето на надворешни стручни лица треба да се практикува во исклучителни случаи бидејќи е тешко утврдувањето на одговорноста на лица кои не се во работен однос кај договорниот орган.

Во случаи кога договорниот орган нема доволен капацитет за спроведување на јавни набавки, посочуваме дека Законот остава можност за спроведување на групна набавка. Групна набавка согласно со член 62 став (1) од законот, се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка. Оваа одредба овозможува одреден степен на централизирање на набавките на начин што договорните органи сами се групираат и сами одлучуваат кој од нив ќе ја спроведе постапката во нивно име. При тоа, не е неопходно оној што ќе ја спроведува групната набавка да има потреба од тој предмет на набавка, што воведува одредена флексибилност во групирањето на договорните органи. Предноста на овој пристап е можноста од групирање на повеќе договорни органи од кои можеби некои немаат доволно искуство или знаење за јавните набавки или пак немаат доволен административен капацитет и го овластуваат најискусниот член на групата да ја спроведе набавката, иако можеби тој договорен орган нема потреба од истата. При тоа, без оглед на тоа дали ќе се реализира групна набавка и кој ќе ја реализира истата, секој договорен орган треба во својот план за јавни набавки да ги искаже потребите од конкретната набавка во својот дел.

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

8. Прашање:

Од страна на економски оператор, ни е поставено прашање во врска со изјавата за докажување на способност, имајќи предвид дека со објава на огласот истата не е прикачена.

Дали системот сам ја генерира оваа изјава или ние како договорен орган сме должни да ја прикачиме како прилог.

Одговор:

Согласно член 45 став (1) алинеја 19 од Законот за јавните набавки, Бирото за јавни набавки подготвува модели на тендерска документација и модели на формулари за постапките регулирани со овој закон.

Моделот на Изјавата за докажување на способноста, може да се најде на веб страницата на Бирото за јавни набавки, во делот Модели / Други Модели, достапен на следниов линк - https://www.bjn.gov.mk/drugi-modeli/

Договорниот орган има обврска да ја подготви тендерската документација и да ги наведе сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка со цел на економските оператори да може квалитетно и навремено да ја изготват и поднесат својата понуда. Во прилог на тендерската документација се изготвуваат и одделни обрасци, меѓу кои и Изјавата за докажување на способност.

При спроведување на поедноставена отворена постапка, економскиот оператор има можност да одбере дали ќе ја докаже способноста со документи или со Изјава. Оттаму, доколку тој одлучи да ја докаже способноста со Изјава, истата има обврска да ја прикачи во Електронскиот систем за јавни набавки кон неговата понуда.

Објазецот на Изјава за способност не се генерира автоматски од системот, но во тек се подобрувања на ЕСЈН со кои ќе се олесни поднесувањето на понудите, а образецот на Изјавата ќе биде достапен за превземање на воочливо место во склоп на самиот модул за поднесување на понуди на ЕСЈН.

Истовремено, договорниот орган може, согласно член 81 став (5) од законот, во законски пропишаните рокови, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

9. Прашање:

Во постапка за набавка од мала вредност на резервни делови, економски оператор кој што има најниска финансиска понуда наместо ДРД има прикачено тековна состојба. Дали оваа понуда треба да се отфрли како неприфатлива.

Исто така во тендерската документација во делот за дополнителни информации е наведено дека економските оператори треба да имаат продажен објект на територијата на општината или договор за деловна соработка со фирма која има продавница за авто делови на територија на општината. Ниту еден економски оператор нема прикачено ваква изјава или договор.

Дали комисијата на прворангираниот понудувач може да му побара да ја достави оваа изјава, односно договорот на е-маил адреса или во архивата на договорниот орган.

Одговор:

1. Согласно член 90 став (1) од законот, како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

При проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

Притоа, треба да се има предвид дека во нашата земја ваков документ издава Централниот регистар на Република Северна Македонија. Истиот издава повеќе документи од кои може да се утврди регистрацијата на деловниот субјект, но генерално документот за регистрирана дејност (ДРД образец) е најрелевантниот документ кој се користи за оваа цел. Меѓутоа, доколку економскиот оператор достави друг документ издаден од Централниот регистар со кој се потврдува неговата регистрација, комисијата може да го земе предвид и ваквиот доказ.

2. При проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Наведениве одредби, му дозволуваат на договорниот орган да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, но само доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Согласно став (4) од наведениов член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Исто така, комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

Оттука, комисијата врз основа на фактичката состојба треба да оцени дали ќе ја искористи можноста која му ја дава членот 109 став (2) од законот и ќе бара економскиот оператор дополнително да го достави потребниот документ/и.

Бараните појаснувања/дополнувања на документацијата се бараат и доставуваат преку посебен модул на Електронскиот систем за јавни набавки(ЕСЈН) имајќи предвид дека постапката се спроведува со користење на електронски средства.

10. Прашање:

За докажување на поставениот минимален услов за техничка и професионална способност, договорниот орган барал економските оператори да достават потврда за квалитено извршена услуга.

Од страна на одреден економски оператор е доставена потврда која му ја издал носителот на набавка за кој истиот обезбедувал услуги како подизведувач. Потврдата е за делот кој го извршил подизведувачот (економскиот оператор која ја доставил како доказ).

Дали договорниот орган може да ја прифати оваа потврда за квалитено извршена услуга.

Одговор:

Договорниот орган, согласно член 92 став (2) од законот, може да бара од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки.

Доказите со кои во постапките за јавни набавки, се докажува техничката и професионалната способност на економскиот оператор се пропишани со член 95 став (8) од законот.

Согласно точка а) од горенаведената одредба, при утврдување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност на економските оператори, договорниот орган како доказ може да бара потврда за извршени испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), при што не е наведено од кога почнува да се смета овој период од три години.

Исто така, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ја земе во предвид и втората реченица од точка а) став (8) на член 95, согласно која а со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, може да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација.

Имено, целта на договорниот орган е да добие што е можно повеќе прифатливи понуди со цел да може да ја избере онаа која ќе значи најдобра вредност за парите кои ги обезбедил за задоволување на конкретната потреба, а обезбедувањето на потврдите е услов кој треба поконкретно да го даде договорниот орган во тендерската документација.

Воедно, треба да се има предвид дека реализацијата на договорот зависи од предметот на набавка (стоки, услуги или работи). На пример, ако станува збор за изведување на работи, договорот се смета за целосно реализиран по извршениот технички прием на работите (предмет на набавка) и извршеното примопредавање. Ако станува збор за договор за јавна набавка на стоки или услуги, по испорака на стоките или извршувањето на услугите и потпишување на записник за примопредавање со што се смета дека договорот за јавна набавка се реализирал.

Со листата на главни испораки економскиот оператор го докажува искуството од релевантни претходни испораки или извршени услуги кои успешно ги реализирал. Покрај листата која ја подготвува самиот економски оператор, истиот е должен да обезбеди и потврда/и за извршени испораки или извршени услуги. Оваа потврда/и се издава од страна на примателите (во случај примателот да бил договорен орган, потврда издадена од договорниот орган. Во случај примателот да бил друг економски оператор, потврда издадена од тој економски оператор).

Од податоците наведени во прашањето, не е јасно за каков предмет на набавка станува збор (стоки, услуги или работи) ниту е наведено дали договорот за кој ќе се издава потврда е целосно успешно и навремено реализиран.

КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ

11. Прашање:

Кои документи се неопходни за докажување на способноста на субјект чија способност се користи, а кои за подизведувач.

Одговор:

Со членот 96 од законот, се уредува користењето способност од други субјекти, додека подизведувањето е уредено во член 118 од законот.

Така, економскиот оператор согласно член 96 став (1) од законот, може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

При тоа, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси, содека Ддоговорниот орган во постапката за јавна набавка и за субјектот чија способност ја користи, треба да провери дали ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување од постапката.

Воедно, треба да се има предвид дека кога економски оператор во постапката за јавна набавка користи способноста на друг субјект во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство, истиот може да ги користи (образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство) само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност. Наведеното барање упатува на тоа дека во конкретниов случај субјектот чија способност се користи треба да биде подизведувач.

Од друга страна, понудувачот согласно член 118 став (1) од законот, може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Во овој случај, согласно со ставот (2) од наведениот член, понудувачот во понудата: ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи; доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Имено, со горенаведениот член се пропишуваат сет од правила кои се однесуваат на користењето подизведувачи при извршување на договорот, начинот на докажување на нивната способност, можноста за нивно менување за време на извршувањето на договорот, како и начинот на нивно исплаќање за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи.

Подизведување постои во случај кога понудувачот на кој му е доделен договор за јавна набавка довери дел од тој договор на извршување на друг субјект. Подизведувач е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба.

Додека, на субјектот чија способност се користи не му е доверено извршувањето на дел од договорот.

12. Прашање:

Во случај кога носителот на набавката во постапката користи способност од друг субјект во однос на исполнување на услови за барана опрема, а субјектот кој ја дава поддршката пак дел од таа опрема ја изнајмува од трет правен субјект, дали е потребно и за третиот правен субјект да се достават документи дека не постојат причини за негово исклучување од постапката.

Одговор:

Економскиот оператор согласно член 96 став (1) од законот, може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Воедно, согласно став (3) и (4) од горенаведениот член, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, должен е да достави валиден доказ (изјава, договор за деловно техника соработка и сл.) дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси и дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор (во делот кој се однесува на поддршката која му ја дава на понудувачот), како и дека не постојат причини за негово исклучување.

Оттука, договорниот орган во постапката за јавна набавка треба да провери дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување од постапката.

Воедно напоменуваме дека, договорот за закуп и неговата примена не се дефинирани со законот за јавните набавки, туку со прописите со кои се уредуваат облигационите односи.

Оттаму, ако субјектот чија способност се користи има договор за закуп (склучен согласно материјалниот пропис) од кој јасно и недвосмислено произлегува дека потребната опрема ќе ја поседува за цело времетраење на договорот, и за истиот е доставена документација од која може да се утврди дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дека не постојат причини за негово исклучување од постапката, не би требало да се бара истата и за субјектот кој се јавува во улога на закуподавач.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

13. Прашање:

Во фаза на евалуација, од страна на комисијата согласно член 110 став (1) од законот, е поставено прашање до понудувачот за појаснување на понудената цена за еден од деловите за кои дал понуда. Понудувачот во одговорот наведува дека „....по направени анализи, и поради претходно техничко недоразбирање, односно, погрешно толкување на дадениот цртеж, понудената цена не е одржлива за целосно извршување на договорот бидејќи во вкупната понудена цена не се вклучени цените за одредени машински обработки". Комисијата ваквиот одговор го толкува како повлекување на понудата пред истекот на важноста на понудите, и предлага издавање на негативна референца.

Прашањето е: Дали ваквиот одговор, претставува основ за исклучување на наведениов понудувач за сите делови за кои поднел понуда или за останатите делови за кои понудувачот поднел понуда може да продолжи со евалуација на неговата понуда.

Одговор:

Законот не содржи дефиниција за „понуда со невообичаено ниска цена“. Во пракса, ова се однесува на ситуација во која цената понудена од економскиот оператор создава сомнежи во однос на тоа дали е економски одржлива и дали може соодветно да се реализира. Имено, изборот на понуда со невообичаено ниска цена е ризично поради: ризик од неисполнување на обврските, дополнителни трошоци или зголемувања на цената во текот на реализација на договорот, ризик во однос на квалитетот, избегнување на обврските од областа на заштитата на животната средина, социјалната политика и трудот.

Законот за јавните набавки согласно член 110 став (1), му дава можност на договорниот орган да побара објаснување за цената доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена. Оттука, доколку постои сомнеж дека понудената цена е невообичаено ниска во однос на предметот на набавка или постои сомнеж дека договорот ќе биде навремено и квалитетно извршен за дадената цена, нема пречка договорниот орган да постапи согласно со член 110 од законот, и да побара објаснување за дадената цена.

Воедно, Договорниот орган согласно со ставот (3) од горенаведениот член, ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци согласно став (2) од истиот член.

Следствено на изнесеното, доколку понудата е отфрлена поради недоставено објаснување или докази кои не се доволни да се оправда неразумно ниската цена, истата не продолжува во понатамошните фази од постапката, односно нема можност да биде избрана за најповолна, поради што договорниот орган во ваков случај постапката ја продолжува со останатите понудувачи, доколку истите имаат прифатливи понуди.

Од друга страна, договорниот орган ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Со наведениов член таксативно се наведени случаите кога може да дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата и пристапување кон издавање на негативна референца.

Од погоре изнесеното произлегува дека негативна референца не се објавува при доставување на образложение кое е неприфатливо во однос на дадената невообичаено ниска цена.

Во однос на вториот дел од прашањето „Дали по добивање на незадоволителен одговор, понудувачот ќе треба да се исклучи од сите делови за кои поднел понуда“, укажуваме на член 78 став (1) и (3) од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови при што во огласот за јавна набавка (во поканата за потврдување на интересот или во поканата за поднесување понуди) одредува дали понудите може да се доставуваат за еден, за повеќе или за сите делови.

Кога предметот на набавка е оформен во повеќе посебни делови, комисијата врши евалуација за секој дел поединечно, а при утврдување на прифатливоста на понудите, предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став 1 точка 11 од законот.

Следствено на изнесеново, комисијата треба да утврди дали доставените понуди за поединечните делови се во согласност со бараното во тендерската документација, дали понудените цени и за другите делови

содржат невообичаено ниска цена по што ќе треба да постапи согласно член 110 став (1) од законот, или ќе утврди дека понудите се прифатливи и ќе ги евалуира и рангира.

14. Прашање:

Договорниот орган спроведува постапка за јавна набавка на стоки: Disaster Recovery Location, и во техничката спецификација и во делот елементи на понудата, е наведено дека економскиот оператор задолжително треба да достави Овластување од производителот (MAF) за Системот за детекција и гасење пожар, Климатизери со висока прецизност.

Доставена е понуда од Група понудувачи, која користи подизведувач и во прилог на понудата е доставен Договор за деловно техничка соработка – подизведувач. Во договорот за деловно техничка соработка – подизведувач, е наведено дека економскиот оператор е согласен да ја стави на располагање својата техничка и професионална способност како поддршка за реализација на работите, и тоа:

- едно лице со валиден серификат за инсталација на опрема за противпожарна заштита која што ќе биде понудена од страна на понудувачот и директно ќе учествуваат во инсталација, конфигурација, тестирање и пуштање во работа на целокупната опрема и ќе бидат достапни во реализација на договорот.

Со понудата доставено е Овластување од производителот (MAF) за Системот за детекција и гасење на пожар кое се однесува на подизведувачот. Во доставениот Договор за деловно техничка соработка – подизведувач, не е наведено дека опремата за противпожарна заштита ќе ја достави подизведувачот.

Дали доставеното Овластување од производителот (MAF) кое се однесува на подизведувачот е прифатливо или тоа треба да се однесува на некој член од групата понудувачи.

Одговор:

Тендерската документација треба да ги содржи сите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на постапката, барањата, условите, критериумите и други потребни податоци со цел да им овозможи на економските оператори квалитетно и навремено да ги изготват и поднесат своите понуди.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на барањата и критериумите наведени во тендерската документација.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Од податоците наведени во прашањето, не може со сигурност да се утврди дали Овластување од производителот (MAF) на опремата, е барано за производите кои треба да се испорачаат и инсталираат или за инсталацијата, конфигурацијата, тестирањето и пуштањето во работа на целокупната опрема, односно за кој дел од предметот на набавка е барано ваквото овластување.

Оттука, а во зависност од поставените барања во тендерската документација, комисијата треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со тендерската документација.

15. Прашање:

Дали Комисијата може да отфрли понуда како неприфатлива поради понудени нереални цени (високи) понеповолни од реалните на пазарот, за одредени услуги.

Одговор:

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Воедно, при утврдување на прифатливоста на понудите комисијата предвид треба да ја има дефиницијата од член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно која „прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Со член 110 став (1) од законот, предвидена е можност договорниот орган да побара објаснување за цената доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена. Но, законот не дава можност да се бара објаснување во случај кога понудената цена е „невообичаено висока".

Сепак, комисијата при евалуација на финансиските понуди во однос на понудените цени предвид треба да ја има одредбата од член 2 став (1) точка 34 од законот согласно која „пазарна цена" е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично.

Доколку, комисијата утврди дека понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот, согласно член 114 од законот, може да предложи поништување на постапката за јавна набавка.

16. Прашање:

Поради недоставена изјава за докажување на способност, нашата понуда е отфрлена како неприфатлива. Оваа изјава не се содржеше во тендерската документација, и нема поле каде истата треба да се внесе.

Дали изјавата за способност сме требале да ја доставиме иако истата не беше содржана во тендерската документација и дали истата може да ни се побара дополнително.

Одговор:

Договорниот орган има обврска да ја подготви тендерската документација на начин кој ќе ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка, со цел економските оператори да може квалитетно и навремено да ја изготват и поднесат својата понуда. Во прилог на тендерската документација се изготвуваат и одделни обрасци, меѓу кои и Изјавата за докажување на способност.

При спроведување на поедноставена отворена постапка, економскиот оператор има можност да одбере дали ќе ја докаже способноста со документи или со Изјава. Оттаму, доколку тој одлучи да ја докаже

способноста со Изјава, истата има обврска да ја прикачи во Електронскиот систем за јавни набавки кон неговата понуда.

Во принцип, доколку понудувачот нема доставено ниту изјава за докажување на способноста ниту потребните документи за утврдување на бараната способност, понудата ќе се смета за неприфатлива.

Воедно, доколку сметате дека договорниот орган постапил спротивно на одредбите од законот, можете да постапите согласно со член 142 од законот и да вложите жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалба (кои зависат од видот и фазата во која се наоѓа постапката) се пропишани со Глава VIII, Поглавје 3 членови од 142 – 150 од законот.

17. Прашање:

Нашата понуда е одбиена поради недоставени документи (кој воедно се доставени) и покрај тоа што нашата цена е најповолна. За најповолна понуда избрана е понудата на трето рангираниот понудувач. Известување за избор на најповолна понуда и одлука, немаме добиено на меил. Истите после десетина дена ги видовме на страната е-набавки, но рокот за жалба е поминат.

Како да постапиме во конкретниов случај.

Одговор:

Согласно член 113 став (3) од законот, известувањето на кандидатите и понудувачите се испраќа преку Електронскиот систем за јавни набавки.

Од друга страна потребно е да го имате предвид и член 13 од „Правилникот за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки“ (Службен весник на Република Македонија бр.64/19), каде што децидно е наведено дека комуникацијата во ЕСЈН се спроведува преку испраќање на пораки кои ЕСЈН автоматски или полуавтоматски (со можност за уредување) ги генерира по преземање на одредено дејствие или пораки составени и испратени од корисник преку соодветен модул во ЕСЈН до електронското сандаче на ЕСЈН и регистрираната адреса на е-пошта на друг корисник.

Дополнително, доколку сметате дека договорниот орган направил пропуст во однос на доставување на известување, ве упатуваме да се обратите и до Секторот за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки при Бирото за јавни набавки на меил адресата info@bjn.gov.mk , со цел да извршат дополнителна проверка во досието на постапката.

Исто така, ве упатуваме да го имате предвид и член 150 од Законот за јавните набавки, во кој се утврдени рокови за изјавување жалба во останати случаи.

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

18. Прашање:

Спроведена е постапка за јавна набавка на услуги за обезбедување на имот и лица, и обезбедени се средства со одлуката во износ од 614.000,00 денари без ДДВ.

Во тендерската документација во делот - Склучување на договорот е наведено: Вкупната вредност на договорот, односно горната финансиска рамка за реализација на предмет на овој договор е вкупната проценета вредност за предметот на набавката согласно Одлуката за јавна набавка.

Доставени се 2 понуди, а по спроведена електронска аукција понудата на прворангираниот понудувач е со цена од 772.200,00 денари.

Донесена е одлука, пратено е известување, а склучениот договор е објавен во ЕСЈН на износ од 614,000,00 денари, согласно точка 6.3.3 од тендерската документација и ограничувањето за дообезбедување на финансиски средств бидејќи горната финансиска рамка за оваа постапка е до 10,000 евра во денарска противвредност.

Дали договорот може да се реализира до износот од 614.000,00 денари без ДДВ, или да се скрати периодот за извршување на услугата од 12 на 9,5 месеци.

Одговор:

Договорните страни согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, го склучуваат и извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Од наведениве одредби произлегува дека условите од склучениот договор треба да ги одразуваат обврските кои обете договорни страни ги преземале а биле наведени во тендерската документација и понудата што била избрана за најповолна.

Истовремено, согласно став (3) од член 117, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Од друга страна, договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119 од законот.

Сепак, за да се искористи можноста која ја дава овој член, договорниот орган најнапред треба да утврди дали измената согласно со став (4) од членот 119, се смета за значителна, односно дали поради неа договорот значително се разликува од првично доделениот договор.

Измената на договорот се смета за суштинска кога со неа се воведуваат услови коишто, ако биле дел од постапката за јавна набавка, би овозможиле да се квалификуваат понудувачи различни од првично прифатените или да се прифати понуда која е различна од првично прифатената. Во принцип, договорите може да претрпат измени, само под услов тие измени да не се значителни.

Следствено на изнесеното, договорниот орган врз само нему познатата фактичка состојба (условите наведени во тендерската документација) треба да утврди дали намалувањето на времетраењето на договорот од 12 на 9,5 месеци, би се сметала за значителна.

Оттука, предлагаме пред објавување на постапката да се спроведува анализа на пазарот. Анализата на пазарот ќе овозможи собирањето на информации кои што можат на договорниот орган да му помогнат во дефинирањето на неговите барања за набавки, во избирањето на најсоодветна постапка за избор на најповолна понуди како и начин на доделување на договорот. Всушност, анализата на пазарот ќе овозможи:

- Да се осознаат карактеристиките на пазарот, а особено последните случувања и трендовите кои што може да влијаат врз конкуренцијата (на пр. мал број економски оператори, стандардизирани или едноставни производи, мал или никаков влез на нови понудувачи, итн.);
- Да се соберат информации за економските оператори, нивните производи, цени или трошковни структури;

- Да се соберат информации за последните промени во цените. Ова ќе овозможи договорните органи да бидат информирани за цените во ордедени географски подрачја (пазари) и за цените на потенцијални алтернативни производи;
- Да се соберат информации за претходни понуди за исти или слични производи;
- Да се изврши координација со други договорни органи кои што неодамна набавиле слични стоки, услуги или работи за подобро осознавање на пазарот и на понудувачите.

Имено, согласно со член 76 став (1) од законот, договорниот орган може, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, да спроведе технички дијалог со економските оператори, со цел да добијат информации за цените на наведените услуги.

19. Прашање:

Дали предвидената количина на стоките (предмет на набавка) наведена во тендерската документација, договорниот орган има обврска целосно да ја повлече или повлекувањето не е задолжително.

Дали ова прашање е уредено со Законот.

Одговор:

Договорниот орган, согласно со член 81 став (1) од законот, е должен да ја изготви тендерска документација и во истата да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Законот не содржи одредби за начинот на дефинирање на потребните количини (кога предмет на набавка се стоки), но во пракса се користат следниве можности: договорниот орган ја наведуваа планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Ова значи во првиот случај, дека предвидените количини, договорниот орган нема обврска целосно да ги искористи доколку за тоа нема потреба, со што во пракса дел од предвидените количини можат да останат нереализирани, додека при определување на максималните или минимални количини, договорниот орган има обврска да ги набави во целост.

Ваквата обврска за договорниот орган произлегува од фактот што, во зависност од предметот на набавка, доколку не се утврдени количините кои договорниот орган ќе ги набави, можат да предизвикаат проблеми во работењето на економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач. Од друга страна пак ја намалува довербата на економските оператори во договорниот орган и може да ги одврати од намерата за учество во постапки за јавни набавки.

Договорните страни согласно член 117 став (1) од законот, го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Истовремено, Ви укажуваме на можноста да постапите согласно член 81 став (4) од законот, односно да побарате измена на тендерската документација со цел определување на минималната количина која сигурно би се набавила.

ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

20. Прашање:

При реализација на договор за јавна набавка на прехранбени производи, носителот на набавката не извести дека не може да испорача дел од понудените производи, од причина што на пазарот веќе ги нема, односно производителот не ги произведува или ги заменил со други производи.
Како да постапиме во овој случај, односно како овие производи да ги промениме со оние што се достапни на пазарот, при тоа задржувајќи го истото ниво на квалитет на производите и континуитет во реализацијата на договорот за јавна набавка.

Одговор:

На договорниот орган и на носителот на набавката во основа не им е дозволено да договараат измени во постојниот договор. Условите од склучениот договор треба да ги одразуваат обврските кои обете договорни страни ги преземале а биле наведени во тендерската документација и понудата што била избрана за најповолна. Договорите за јавни набавки би требало да се реализираат без какви било измени. Во ситуација кога склучениот договор би се изменил, постои опасност другите понудувачи да ја изгубат можноста и на рамноправна основа да се натпреварuваат за нешто што претставува нова можност за склучување договор. Менувањето на склучениот договор претставува повреда на начелата на транспарентност и еднаков третман, а со одредбите од Законот за јавните набавки се забранува ваквото однесување, коешто може да влијае врз нарушување на пазарот.

Од друга страна, во пракса може да се јави потреба од ограничени измени во постојниот договор за јавна набавка. Имено, договорниот орган и носителот на набавката може да бидат соочени со ситуации кои наложуваат измени на договорот. На пример, во случај кога има промена на индексот на цените, или се јавиле реални непредвидливи околности, или се јавиле технички тешкотии во оперативната фаза или фазата на одржување од договорот.

Оттука, Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119 од законот.

Сепак, за да се искористи можноста која ја дава овој член, договорниот орган најнапред треба да утврди дали измената согласно со став (4) од членот 119, се смета за значителна, односно дали поради неа договорот значително се разликува од првично доделениот договор.

Измената на договорот се смета за суштинска кога со неа се воведуваат услови коишто, ако биле дел од постапката за јавна набавка, би овозможиле да се квалификуваат понудувачи различни од првично прифатените или да се прифати понуда која е различна од првично прифатената. Во принцип, договорите може да претрпат измени, само под услов тие измени да не се значителни.

Така, согласно член 119 став (1) точка1 од законот, договорот за јавна набавка или рамковната спогодба може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка ако измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин. Тоа значи дека тендерската документација треба да содржи одредби за корекција на цени или опции, и во нив мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат.Доколку, во тендерската документација не се предвидени можните опции за измени на договорот (на пр., престанок со производство на понудената стока која е предмет на јавната набавка),

по овој основ договорниот орган нема да може да пристапи кон измена на договорот во текот на неговата важност.

ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ

21. Прашање:

Доколку адвокат кој има уредно издадена полномошна од деловен субјект поднесува жалба преку профилот на тој деловен субјект, дали во таков случај жалбата мора да биде потпишана со негов квалификуван електронски потпис?

Одговор:

Согласно член 142 став (1) од Законот за јавните набавки, жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки во електронска форма.

Кога жалбата ја поднесува лично понудувачот, истата се потпишува електронски од страна на понудувачот.

Кога жалбата се поднесува преку полномошник (адвокат), потребно е со жалбата да биде приложено и полномошно, потпишано своерачно или електронски од понудувачот. Во овој случај, во зависност од тоа дали жалбата ја поднесува понудувачот или полномошникот, жалбата треба да биде потпишана со електронски потпис на понудувачот или на полномошникот.